Уп. бр.08-101

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од KKCG Technologies s.r.o., со седиште на Evropska 866/71 Vokovice, 160 00 Praha 6, Република Чешка, доставено преку Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 28.09.2021 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрација со која KKCG Technologies s.r.o., со седиште на Evropska 866/71 Vokovice, 160 00 Praha 6, Република Чешка има намера да стекне целосна контрола врз Stratitea Sweden AB, со седиште на Gustav Adolfs Torg 10A, 211 39, Малме, Шведска, преку стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 03.09.2021 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на KKCG Technologies s.r.o., со седиште на Evropska 866/71 Vokovice, 160 00 Praha 6, Република Чешка, со која KKCG Technologies s.r.o. Република Чешка има намера да стекне целосна контрола врз Stratitea Sweden AB, со седиште на Gustav Adolfs Torg 10A, 211 39, Малме, Шведска, преку стекнување на удели. Имено, KKCG Technologies s.r.o. ќе се стекнат со 100% од уделите на Stratitea Sweden AB и оттука единствена контрола над Stratitea Sweden AB и тоа преку 100% зависно друштво Aricoma Group AB или друго зависно друштво во индиректна сопственост.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**KKCG Technologies s.r.o.** е компанија која припаѓа на ККЦГ Групацијата.

ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучително и во лотарија и игри на среќа, нафта и гас, недвижности, индустрии и паметни технологии. Групацијата управува со повеќе од 30 компании во 18 земји низ светот.

Во Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е првенствено присутна преку зависно друштво Касинос Аустриа Интернатионал Холдинг ГмбХ ("КАИ"). Поконкретно, КАИ индиректно поседува ххх[1] удел во Друштво за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО СКОПЈЕ ("КАИ Македонија"). КАИ Македонија поседува ххх удел во Друштвото за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија – КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје ("НВМ"), кое работи со видео игри на среќа терминали во Република Северна Македонија. ххх

Дополнително, ККЦГ Групацијата е присутна на македонскиот пазар и преку своите индиректно зависни друштва Друштво за информатичка технологија СЕАВУС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр. 33А, Центар 1 и предмет на работење компјутерско програмирање и Друштво за едукација СЕАВУС ЕДУКАТИВЕН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр. 33А, Центар 1 и предмет на работење друго образование.

Поконкретно, СЕАВУС ДООЕЛ Скопје е во целосна сопственост на Aricoma Group A.B., друштво основано според законите на Шведска, а кое друштво е 100% индиректно зависно друштво на ККЦГ Групацијата. СЕАВУС ДООЕЛ Скопје е единствен сопственик на Сеавус Едукативен и Развоен Центар.

**Stratitea Sweden AB** е друштво кое се занимава со консултантски услуги од областа на ИТ. Поконкретно, друштвото нуди информатичка технологија („ИТ") и деловни консултантски услуги, вклучувајќи и управување на односите со клиенти, деловна интелигенција, анализа на податоци и управување со содржини и соработки. Друштво нуди поддршка за компании и организации да остварат корист од деловните можности предизвикани од дигиталните промени – од стратегија се до техничка имплементација. Специјални области се Деловна Трансформација, CRM продажба, CRM сервис, Влезен Маркетинг, Увид и Анализа, Модерно Работно Место и целосен и сеопфатен развој на софтвери.

Stratitea Sweden AB дава услуги на клиенти во Шведска и не е застапен на пазарот на Република Северна Македонија преку зависни друштва.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12

[1] Податоците обележани со ххх се деловна тајна

став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Д-р Владимир Наумовски**